Проектот е финансиран
од Европската Унија

# ПОЧЕТНА СТУДИЈА

ЗА

# МЛАДИНСКИТЕ ТРЕНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА“

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"
СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk
СОС ДЕТСКО СЕЛО Ниту едно дете не треба да расте само
forumi i gruas женски форум women's forum

НАСЛОВ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА
Почетна студија за младинските трендови во Република Северна Македонија за потребите на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“

ПРОЕКТ
Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата

ИЗДАВАЧ
СОС Детско село Северна Македонија

ЗА ИЗДАВАЧОТ
Јулијана Накова Гапо, национален директор на СОС Детско село Северна Македонија

АВТОР
Софија Георгиевска

УРЕДНИЦИ
Томислав Гајтаноски
Васка Драшковиќ

ЛЕКТУРА
Друштво за интелектуални услуги и издаваштво „Санто Стеф – С“, Скопје

ТИРАЖ
200 примероци

ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ
МАГНАСКЕН

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.66-053.6(497.7)(047.31)

35.077:061.2-053.6(497.7)(047.31)

ГЕОРГИЕВСКА, Софија

Почетна студија за младинските трендови во Република Северна Македонија за потребите на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата” / [автор Софија Георгиевска]. - Скопје :

СОС Детско село, 2021. - 44, 44 стр. : илустр. ; 25 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Studimi fillestar i trendeve rinore në Republikën e Maqedonisë së Veriut për nevojat e projektit “Pjesëmarrja e të rinjve për zhvillim të fuqishëm dhe të qëndrueshëm të komunitetit” / autor Sofija Georgievska. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и алб. јазик. - Публикацијата е во рамки на проектот: Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата. - Библиографија: стр. 43-44

ISBN 978-608-4989-00-4

а) Млади -- Општествена положба -- Македонија -- Истражувања б) Младински политики -- Учество на млади -- Граѓански организации -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 55962117

Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот и не ги одразува нужно ставовите на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ... 4
**1. АКТУЕЛНА ЗАКОНСКА РАМКА ШТО ГИ УРЕДУВА МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ И МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО** ... 6
**2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП** ... 8
2.1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА ... 8
2.1.1. Цели на истражувањето ... 8
2.1.2. Предмет на анализа ... 8
2.1.3. Методологија на истражување ... 8
2.1.4. Истражувачки примерок ... 10
**3. АНАЛИЗА НА ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ** ... 12
3.1. КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ... 12
3.2. ОБРАЗОВАНИЕ ... 16
3.3. МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ... 18
3.4. МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ... 21
3.5. БЕЗБЕДНОСТ ... 23
**4. ПРЕГЛЕД НА КАПАЦИТЕТИ И СТАВОВИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ** ... 24
4.1. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ... 26
4.2. ВОЛОНТИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА ... 28
4.3. МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА ... 30
4.4. УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ И МЛАДИНСКИОТ СЕКТОР ВО ЈАВНИОТ ЖИВОТ ... 32
**5. ЗАКЛУЧОЦИ** ... 38
**6. ПРЕПОРАКИ** ... 41
**7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ... 43

# ВОВЕД

Истражувањето „Почетна студија за младинските трендови во Република Северна Македонија“ е спроведено за потребите на проектот „**Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата**“, поддржан од Европската Унија, а реализиран од Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со СОС Детско село Северна Македонија, од Волонтерскиот центар - Скопје и Здружението „Женски форум“ - Тетово. Проектот има за цел да ги подобри квалитетот на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество, создавајќи простор за младинско информирање, овозможување неформално образование и креирање содржини од млади за млади.

Преку ова истражување се дава приказ на постоечките разлики во перцепциите на младите за квалитетот на животот, за можностите што ги имаат младите, како и за начините на коишто младите ги прават изборите што најмногу влијаат на нивната иднина, како образование, струка и лична надградба, поврзани со она што го нуди нивната средина. Истражувањето прави преглед на најголемите предизвици со кои се соочуваат младите во различни средини на национално ниво, а преку анализата на добиените податоци, истражувањето гради компаративна слика на перцепциите за можностите во животот на младите во помалите и поголемите населени места во нашата држава.

Младите на возраст од 15 до 29 години, кои се целна група на ова истражување, се категорија граѓани на која државата ретко гледа издвоено од другите категории граѓани. Дури и кога станува збор за креирање политики наменети за младите, државата почесто има унифициран пристап, наместо да ги стави во перспектива потребите на младите со различна заднина, како што се младите од рурални средини и помали градови, младите со попреченост и младите од семејства со ниски приходи.

Имајќи го предвид ова, лесно е да се претпостави дека младите по чиишто „мерки“ не се носат политики и решенија, имаат помалку избори кога се во прашање образовните можности, понатаму можностите за лична надградба и напредок, можностите за себеизразување, како и учеството во културни настани.



Недостатокот од соодветно креирани политики за младите во областа на образованието, вработувањето или, пак, социјалната заштита, ниската функционалност на институциите придонесуваат за зголемување на степенот на иселување на младите од Република Северна Македонија. Иселувањето, незадоволството, како и недостатокот од комуникација за активно вклучување на младите во демократските процеси се дел од факторите што влијаат на стагнацијата на социјалниот капитал на младите во нашата земја во текот на последните десет години[1]. Отсуството на современи политики, стратегии и

1 10 години статус кво, Истражување за социјалниот капитал на младите, Младински образовен форум, 2020 година

документи што ќе ја унапредат позицијата на младите преку нивно ефективно вклучување во донесувањето одлуки во образовниот процес на локално и национално ниво, е нешто што низ годините се провлекува како предизвик на образовните, локалните и националните власти.

Последните промени и унапредувања во областа на младинското вклучување, консултирањето и активирањето во процесите на донесување одлуки од страна на младите, се забележуваат во бранот на промени што ги предизвикаа студентските и средношколските протести во периодот 2014 - 2016 година. Ова беше основа за отпочнување на промената во системското вклучување на младите во донесувањето одлуки во рамки на високообразовните институции (преку донесување на новиот Закон за високо образование), која претходеше на креирањето на Законот за младинско учество и младински политики, како и на повторното отворање на прашањето за измените во Законот за средно образование (кои ќе гарантираат учество на средношколците во донесувањето одлуки во рамки на училиштата и образовниот процес).



Уште една значајна околност што има сериозно влијание на состојбата и позицијата на младите во Република Северна Македонија е кризата од пандемијата на КОВИД-19, којашто се провлече во сите сегменти на општественото живеење. Во овој период младите беа една од најпогодените групи граѓани. Целосната промена на образовниот процес, сериозното отежнување на позицијата на (воопшто лицата) младите со попреченост,[2] зголемувањето на младинската економска нестабилност и недостатокот од институционална поддршка што им е потребна на младите, се само дел од предизвиците што им ги донесе кризата на младите, а за кои допрва треба да се најдат соодветни системски решенија.[3]

Голем број истражувања покажуваат дека за младите вклучени во активности во локалната заедница придобивките се повеќекратни: психолошки, социјални и когнитивни. Од друга страна, пак, 90 % од младите во Северна Македонија никогаш не биле дел од граѓанска / невладина организација или иницијатива што работи на проблеми поврзани со општеството, додека само 20 % од нив можат да се замислат себеси во иднина да се приклучат на некоја од активностите на граѓанска / невладина организација или иницијатива.[4] Дополнително, според Индексот за младински развој на Македонија, 76,1 % од младите никогаш не волонтирале[5].

2 Види: „Влијанието на КОВИД-19 кризата врз лицата со попреченост во Северна Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права, 2021 година, https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/vlijanieto-na-kovid-19-vrz-licata-so-poprechenost.pdf
3 Повеќе во: „Млади во криза“, МОФ, Реактор, ЗМАИ и група ГО, 2020 година: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/Mladi-vo-kriza-2.0-Proshirena-verzija.pdf
4 https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/WFD-26-FINAL-MK-za-web.pdf
5 https://segaorg.mk/images/pdf/INDEX_MK.pdf

# 1. АКТУЕЛНА ЗАКОНСКА РАМКА ШТО ГИ УРЕДУВА МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ И МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО

Во согласност со законската рамка, во Република Северна Македонија под младинско учество се подразбира вклучување на младите во носењето одлуки што се од клучно значење за нив, активно учество на младите со генерирање идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството, како и активно граѓанство и придонес во заедницата од страна на младите. Меѓутоа активното учество самото по себе не подразбира само вклучување во одредена активност туку тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и во општеството во целина. Постојат повеќе начини на кои младите можат да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања што им се важни ним и на целата заедница. Најчестите форми на младинско учество забележани во современите европски општества се следниве:[6]

- волонтерска работа;
- учество во разни форми на неформално образование;
- врсничка едукација - вклучување на младите во едукација на своите врсници;
- младински совети, парламенти, форуми и други структури - традиционален начин на учество во процесот на донесување одлуки во рамки на меѓународни, национални, регионални или локални власти, училишта, клубови, невладини организации итн.;
- коменаџмент-системи што постојат во некои институции (на пример, во Дирекцијата за млади и спорт на Советот на Европа), каде што одлуките се носат заедно, на еднаква основа со претставниците на младите луѓе и претставниците на властите;
- консултации - се користат во процесот на донесување одлуки со цел да се искажат грижи и потреби и да се направат предлози.

Неколку законски решенија генерално ја дефинираат позицијата на младите во нашето општество, како на локално и национално ниво така и во рамките на образовните институции.



Законот за младинско учество и младински политики[7], донесен во 2020 година, е првото законско решение што гарантира младинско учество и ги пропишува и признава формите на младинско здружување и организирање. Овој закон ја регулира како локалната така и националната материја поврзана со младинското учество, а со тоа отвора обврски за поддршка на младинското учество, како кај општините така и кај националните институции (Агенција за млади

6 Have your say! - Manual on the Revised European Charter on the Participation of Young People in Local and Regional Life Council of Europe (2008), стр.21

7 https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf

и спорт). Ова е првиот закон што го дефинира младинското учество во Северна Македонија и гарантира учество на младите преку нивните претставнички тела во процесите на креирање политики и донесување одлуки што ги засегаат.

Предвидените младински центри и службеници за млади се средство за постојан контакт на младите со институциите. Законот предвидува носење локални стратегии за млади и национална стратегија за млади со траење од 5 години, како најзначајни документи за разработка на активностите за млади што ги планираат и спроведуваат институциите.[8]

Во Законот за високо образование[9], донесен во 2018 година, се предвидува и гарантира студентското учество во управувањето на универзитетите. Ова законско решение е обемно и ја регулира материјата во високото образование, но најзначајно во овој контекст е гарантирањето независни студентски собранија, кои на демократски начин ги пренесуваат ставовите и потребите на студентите на највисоко ниво во рамки на универзитетите.



И покрај отвореното прашање од страна на граѓанските организации и ученичките претставнички тела, во постоечкиот Закон за средно образование[10] сè уште недостасува регулирање и гарантирање на ученичкото организирање и учество во процесите на донесување одлуки во училиштата.

Речиси е невозможно да се размислува за граѓанско општество без да се размислува за активни лица и групи што дејствуваат на волонтерска основа. Волонтерството денес претпоставува организирани активности засновани на три карактеристики: доброволност, благосостојба на друго лице или општа благосостојба и бесплатно обезбедување услуга или активност.[11] Волонтерството во нашата земја е дефинирано во Законот за волонтерство.[12] Во него волонтерство се дефинира како доброволно давање лични услуги, знаења и вештини и /или вршење други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок.

Имајќи ја предвид сликата за актуелните законски решенија и предлози, јасна е потребата од можности за вистинско демократско младинско вклучување, потребата од креирање функционални младински сервиси, младински центри и можности за ефективна комуникација со образовните и локалните институции.

Само преку постојано следење и документирање на состојбите, изработка на препораки и застапување пред институциите со конкретни барања за младите

---

8 Повеќе во: Закон за младинско учество и младински политики, 2020 година https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
9 Повеќе во: Закон за високото образование https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf
10 http://www.sonk.org.mk/documents/Zakon%20za%20sredno%20obrazovanie.pdf
11 https://www.unv.org/sites/default/files/UNV%20Issue%20Brief%20-%20Basic%20Services%20and%20Volunteerism.pdf
12 Повеќе во: Законот за волонтерство, јули 2007,Службен весник на РМ бр.85/2007 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf

може да се унапреди положбата на оваа категорија граѓани. Дополнително, преку овие пристапи може да се работи на намалување на разликите во можностите што ги имаат младите во различни средини, особено преку унапредување на можностите на младите во руралните средини и помалите градови.

# 2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

## 2.1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА

### 2.1.1. Цели на истражувањето

Основна цел на оваа студија е да се направи проценка на потребите, предизвиците и ризиците на младите од сите плански региони преку согледување на перцепциите за квалитетот на животот на младите вклучени во истражувачкиот примерок, со цел идентификување на основните почетни вредности на индикаторите што ќе се користат за следење на напредокот на проектот.

Притоа, истражувањето е направено во однос на перцепциите на испитаниците за: квалитет на живот, образование, младинска политика, младинско учество и безбедноста на младите.

### 2.1.2. Предмет на анализа

Предмет на анализа е утврдување на перцепцијата на испитаниците за потребите, предизвиците и ризиците на младите лица на возраст од 15 до 29 години во различни средини во сите региони на нашата држава.

### 2.1.3. Методологија на истражување

Ова истражување се базира врз комбинација од квантитативни и квалитативни истражувачки постапки со анализа на примарни, но и на секундарни податоци. Поконкретно, употребени се следниве истражувачки техники за собирање на податоците:

- преглед на литература;
- фокусни групи
- онлајн-анкета за млади на возраст од 15 до 29 години на пригоден, национален примерок преку платформата SurveyMonkey.
- онлајн-анкета за граѓански организации преку платформата SurveyMonkey.

Дизајнот на примерокот во ова истражување е изведен соодветно на предметот на истражување и расположливоста на податоците за селектирање на примерокот. Предметната популација во ова истражување се млади на возраст од 15 до 29 години и граѓански организации што работат за и со млади.

Истражувањето за млади беше спроведено на примерок од 1050 испитаници во периодот јули - август 2021 година. За оваа цел е креирана двојазична верзија (на македонски и албански јазик) на прашалникот. Прашалникот наменет за граѓанските организации го пополнија 61 организација.

Податоците се анализирани на квантитативно и квалитативно ниво, при што се користени следните истражувачки методи:

- експлоративен метод;
- дескриптивен метод;
- компаративен метод;
- експланаторен метод.

Квантитативните податоци добиени од анкетното истражување се анализирани на униваријантно, биваријантно и мултиваријантно ниво со примена на соодветни статистички постапки во SPSS, кои се текстуално интерпретирани и визуелно претставени преку слики, табели, графикони и дијаграми. Квалитативните податоци од спроведените фокусни групи се наративно анализирани и вградени во тематската анализа на области.

Едно од ограничувањата на истражувањето е неговото спроведување преку онлајн-формат во тек на пандемија, при што не беше возможно целосно да се пронајдат млади во согласност со однапред дефинираниот примерок.

Со онлајн анкетата беа опфатени 1050 испитаници, што претставува доволно голем примерок за утврдување на перцепциите за квалитетот на животот кај младите во Република Северна Македонија, и примерокот е доволно репрезентативен за да може да се генерализира за сите млади во државата. Истражувањето е спроведено на целата територија на Република Северна Македонија, во сите 8 статистички региони.

Сепак, не сите 1050 испитаници одговориле на сите прашања. Собраните податоци се презентирани преку описни статистики, табели и слики, кои имаат за цел на јасен начин да ги опишат сите резултати, заклучоци и предлози. Дополнително, во согласност со повикот за истражување, направена е десктоп-анализа на националната легислатива и на претходни истражувања направени на оваа тема.

Во рамките на квалитативниот дел беа спроведени осум фокус-групи од сите плански региони, вклучувајќи 69 млади лица:

| Плански регион | Број на учесници |
|---|---|
| Вардарски плански регион | 4 |
| Скопски плански регион | 7 |
| Североисточен плански регион | 12 |
| Полошки плански регион | 10 |
| Пелагонисики плански регион | 11 |
| Југоисточен плански регион | 9 |
| Источен плански регион | 8 |
| Југозападен плански регион | 8 |

### 2.1.4. Истражувачки примерок

За потребите на анализата се пополнети 1050 прашалници од лица на возраст од 15 до 29 години. 244 (23,2 %) од лицата се од машки пол, 689 (65,5 %) се од женски пол; 0,2 % истакнале дека се чувствуваат поинаку, а 11 % претпочитаат да не одговорат на ова прашање.

Испитаниците се поделени на 3 возрасни групи, и тоа на возраст од 15 до 19 години (N=391), на возраст од 20 до 24 години (N=351) и на возраст од 25 до 29 години (N=185). Останатите (11,7 %) испитаници не дале одговор на ова прашање. Во однос на националната припадност, можеме да забележиме дека најголем процент од примерокот го сочинуваат преставници од македонската националност (80,2 %)




Кога станува збор за религиската припадност, 67,7 % од испитаниците се православни, 17,1 % муслимани, а 7,0% истакнуваат дека не се религиозни.



Испитаниците исто така имаа можност да истакнат дали имаат попреченост или не, при што 38 испитаници (4,1 %) истакнуваат дека имаат попреченост, и тоа најчесто слаб вид (15 лица) и дефицит на внимание (9 лица).

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Стекнати / трауматски повреди на мозокот | 3 | 0,3 |
| Дефицит на внимание / хиперактивност | 9 | 0,9 |
| Спектар на Аспергеров синдром / аутизам | 2 | 0,2 |
| Слепост / слаб вид | 15 | 1,4 |
| Глувост / Наглувост | 4 | 0,4 |
| Когнитивна или попреченост во учењето | 1 | 0,1 |
| Хронична болест / медицинска состојба | 5 | 0,5 |
| Проблеми со менталното здравје / психолошка состојба | 6 | 0,6 |
| Физичка попреченост / подвижна состојба што влијае на одењето | 3 | 0,3 |
| Физичка попреченост / подвижна состојба што не влијае на одењето | 3 | 0,3 |
| Нарушување во говорот / комуникацијата | 9 | 0,9 |

Во однос на местото на живеење, можеме да забележиме дека 81,3 % од испитаниците живеат во урбана, а 16,6 % во рурална средина.

Во рамки на нашиот примерок, најголем дел од испитаниците односно по 1/3 (37,1 %) се студенти и средношколци.



# 3. АНАЛИЗА НА ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

## 3.1. КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ

Првиот сет прашања во рамки на оваа анализа се однесуваат на одредени општествени аспекти коишто создаваат задоволство, односно незадоволство кај младите.

Интересно е дека најголемо задоволство кај младите создаваат можностите за слободно изразување и слободно мислење, уписот на факултет и на последипломски студии.

Најголемо незадоволство создаваат можностите, односно неможностите за вработување, економската независност, решавањето на станбеното прашање и политичкото дејствување.

| | Создава задоволство | Создава незадоволство | Не создава ниту задоволство ниту незадоволство |
|---|---|---|---|
| Упис во средно училиште | 68,0 % | 3,5 % | 28,5 % |
| Упис на факултет | 74,6 % | 5,3 % | 20,1 % |
| Упис на постдипломски студии | 74,2 % | 5,6 % | 20,3 % |
| Начин на школување | 48,2 % | 27,0 % | 24,8 % |
| Можности за вработување | 52,2 % | 39,0 % | 8,8 % |
| Можности за решавање на станбеното прашање | 49,3 % | 35.2 % | 15,5 % |
| Можности за економска независност | 54,9 % | 34,1 % | 11 % |
| Можности за младите да прават што сакаат и што им е важно | 66,2 % | 22,1 % | 11,7 % |
| Можности за напредување во професијата | 68,7 % | 22,1 % | 9,2 % |
| Можности за политичко дејствување | 24,9 % | 36,7 % | 38,4 % |
| Можности за забава и одмор | 83,3 % | 8,9 % | 7,8 % |
| Можности за слободно изразување на сопственото мислење | 76,8 % | 13,5 % | 9,7 % |

Дури кога ќе се земат предвид сите овие аспекти, сегашниот животен стандард за 42,8 % од младите е среден, а за 32,9 % е добар. Сепак, 10 % од младите имаат лош или многу лош животен стандард.




Сепак, ако треба да се направи споредба со изминатите три години, квалитетот на живот за 39,8 % од испитаниците се подобрил.



На скала од еден до пет, каде што 1 значи многу полош, 2 - полош, 3 - ист, 4 - подобар и 5 значи могу подобар, испитаниците имаа можност да проценат каков ќе биде нивниот квалитет на живот во следните три години. Одоговорите се движат во рамки на просекот (дека ќе остане ист), но најоптимистични се во однос на приходите и образованието што би го стекнале во следните три години.

| | **M** |
|---|---|
| Приходи | 3,68 |
| Работен статус | 3,65 |
| Образование и обука | **3,85** |
| Здравствена заштита | 3,28 |
| Домување | 3,38 |

Исто така, испитаниците имаа можност да проценат како се чувствувале во последните 3 месеци, она што дава надеж и радува е дека испитаниците се чувствуваат сакано и се сигурни во себе.

| | M |
|---|---|
| Се чувствувам оптимистично кога мислам на иднината. | 3,36 |
| Се чувствувам корисен/на. | 3,55 |
| Имам самодоверба, се чувствувам сигурен/а во себе. | 3,79 |
| Се чувствувам сакано. | 3,94 |
| Се чувствувам расположено. | 3,67 |
| Се чувствувам под стрес (вознемирено). | 3,25 |
| Се чувствувам тажно. | 2,51 |



Исто така, младите имаа можност да ги рангираат проблемите со кои се соочуваат младите и кои најмногу ги засегаат. Од табелата можеме да забележиме дека за 58,4 % од младите, невработеноста е на прво место, потоа спаѓаат материјалната и економска независност (50,8 %), алкохолизмот, зависноста од дрога, деликвенцијата и слично (45,9 %) и образовниот систем (42,4 %).

| | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| 1. Материјална и економска независност | 50,8 % | 29,5 % | 19,7 % |
| 2. Образовен систем | 42,4 % | 35 % | 22,7 % |
| 3. Невработеност | 58,4 % | 17,4 % | 24,2 % |
| 4. Проблеми со домувањето | 32,3 % | 41,7 % | 26 % |
| 5. Користење на слободно време | 20,9 % | 38,9 % | 40,2 % |
| 6. Подредена позиција на младите | 22,3 % | 51,4 % | 26,2 % |
| 7. Морална криза и недостаток на идеали | 34,7 % | 40,8 % | 24,5 % |
| 8. Недоволна грижа на општеството за младински проблеми | 41,9 % | 33,6 % | 24,4 % |
| 9. Социјални разлики | 36,1 % | 39,5 % | 24,4 % |
| 10. Национални несогласувања | 35,3 % | 39,7 % | 25 % |
| 11. Незаинтересираност на младите за социјални проблеми | 30,9 % | 42 % | 27,1 % |
| 12. Неефикасност и неактивност на младинските организации | 27,5 % | 43,3 % | 29,2 % |
| 13. Недостаток на слобода на говор и мислење | 41,6 % | 33,3 % | 25,1 % |
| 14. Алкохолизам, зависност од дрога, деликвенција и слично | 45,9 % | 28,6 % | 25,5 % |
| 15. Отуѓување на односите меѓу луѓето | 40,3 % | 35,5 % | 24.1 % |

Разочарувачки е фактот што речиси половина од младите не слушнале за целите за одржлив развој. Сепак од наведените 16 цели, како најважни младите ги истакнуваат здравјето и благосостојбата, како и мир, правда и силни институции, а како најмалку важни одговорна потрошувачка и производство и партнерство за цели.

| | Процент |
|---|---|
| Свет без сиромаштија | 25,6 |
| Свет без глад | 20,7 |
| Здравје и благосостојба | 41,2 |
| Квалитетно образование | 27,0 |
| Родова еднаквост | 11,5 |
| Чиста вода и санитарни услови | 9,1 |
| Достапна енергија од чисти извори | 4,5 |
| Пристојна работа и економски раст | 22,5 |
| Индустрија, иновации и инфраструктура | 5,0 |
| Намалување на нееднаквоста | 9,0 |
| Одржливи градови и заедници | 3,8 |
| Одговорна потрошувачка и производство | 2,4 |
| Заштита на климата | 6,8 |
| Зачувување на водниот свет | 3,6 |
| Зачувување на животот на земјата | 14,7 |
| Мир, правда и силни институции | 32,0 |
| Партнерство за цели | 2,1 |

## 3.2. ОБРАЗОВАНИЕ



Вториот дел во оваа анализа се однесува на темата образование. Испитаниците имаа можност да оценат колку образованието што го стекнале или сè уште го стекнуваат ќе им овозможи вработување во иднина во областа на стекнатото образование, при што одговараа на скала од 1 до 5, на којашто 1 значи воопшто не, а 5 - целосно. Добиениот скор M=3,10 ни покажува дека се движат малку над просекот, но не и дека образованието целосно ги оспособува.

Дополнително, испитаниците имаа можност да проценат до која мера одредени изјави се однесуваат на нив. Она што е за поздравување е што 60 % од младите имаат целосна поддршка од своите родители кога се соочуваат со проблеми во образованието.

| | Дефинитивно не | Во мала мера | Во голема мера | Целосно |
|---|---|---|---|---|
| Барањата поставени во наставата се огромен товар за мене. | 29,5 | 51,4 | 15 | 4,1 |
| Постојат многу предмети што ме интересираат. | 7,2 | 26,9 | 41,7 | 24,3 |
| Повеќето наставници ме сфаќаат сериозно и се заинтересирани за мојата работа. | 17,8 | 37,1 | 30,2 | 14,9 |
| Повеќето наставници им приоѓаат на учениците на соодветен начин. | 14,8 | 39,5 | 33,3 | 12,5 |
| Резултатите од моето училиште се многу важни за моите родители. | 7,6 | 20,2 | 39 | 33,2 |
| Имам целосна поддршка од моите родители кога се соочувам со проблеми во образованието. | 3,6 | 11,7 | 24,3 | 60,4 |

Во оваа насока, испитаниците имаа можност да проценат што е она што треба да се промени во образовниот систем. Речиси за една третина од младите најголема промена треба да претрпи образованието во однос на практичниот пристап во наставата.

| | Процент |
|---|---|
| Обемни наставни програми | 15,1 |
| Недостаток на вежби / практичен пристап во наставата | 46,2 |
| Научноистражувачка работа што не е во согласност со реалните потреби | 6,3 |
| Недостаток на дијалог во училницата | 3,7 |
| Недостаток на стипендии, особено во високото образование | 6,6 |
| Недостаток на содржина за репродуктивното здравје на младите | 2,8 |
| Став на наставникот кон ученикот | 7,6 |
| Капацитетите на наставниците и професорите | 6,2 |
| Несоодветна техничка опрема | 3,6 |
| Друго | 1,9 |

Кога станува збор за терминот доживотно учење, 82 % од испитаниците истакнуваат дека го слушнале како термин, што навистина говори за тоа дека младината е заинтересирана за стекнување знаења.

## 3.3. МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

Третиот дел во оваа анализа се однесува на младинските политики. Податоците од ова анализа покажуваат дека 70 % од младите не се генерално заинтересирани за политика.




Од друга страна, пак, на скала од 1 до 5, добивајќи средна вредност M=2,05, можеме да забележиме дека младите се многу незадоволни од квалитетот на мерките и политиките за младите луѓе (политиките во однос на здравството, образованието, вработувањето, домувањето, културата итн.).

Сепак, прашани за тоа каде можат да влијаат најмногу во донесување одлуки, младите сметаат дека можат да придонесат најмногу преку невладини организации, а најмалку преку работа во политичка партија и личен контакт со политичарите.

| | M |
|---|---|
| Работа во политичка партија | 2,75 |
| Работа во невладини (волонтерски) организации или здруженија | **3,49** |
| Гласање на избори | 3,30 |
| Личен контакт со политичари, т.е. оние што донесуваат одлуки | 2,86 |
| Учество на јавни демонстрации | 3,22 |
| Потпишување петиции | 3,23 |

Кога носат одлуки, младите најголемо влијание имаат во кругот на семејството. Алармантен е податокот дека во локалната заедница и во политички партии или во НВО, нивните ставови речиси и да немаат никакво влијание.

| | М |
|---|---|
| На работа, училиште или факултет | 2,02 |
| Во вашето семејство или домаќинство | 2,77 |
| Во локалната заедница во која живеете | 1,73 |
| Во политички или невладини организации | 1,37 |
| Во кругот на врсници и пријатели во којшто се движите | 2,66 |




17 % од испитаниците немаат право на глас, но од останатите само 40,5 % би гласале на наредните локални избори. Следствено се поставува прашањето: што ги спречуваат младите да учествуваат на избори?

За најголем процент од младите (35 %), причината зошто не сакаат да учествуваат на избори се однесува на недостатокот на доверба дека нивниот глас ќе доведе до позитивни промени, како и незаинтересираноста на младите за политика.

| | Процент |
|---|---|
| Младите не се доволно информирани за политички теми | 20,7 |
| Незаинтересираност кај младите за политиката | 29,1 |
| Програмите на политичките партии не се фокусираат доволно на потребите на младите | 26,9 |
| Правни бариери (на пр. минимални услови за старост, други услови за регистрација на гласачи) | 4,0 |
| Недостаток на доверба дека нивниот глас ќе доведе до позитивни промени | 35,3 |

Следствено на ова се поставува прашањето зошто младите не сакаат да се претстават себеси како кандидат за избори. За најголем процент (26 %) тоа е социјалниот притисок дека е премногу млад да се кандидира, но речиси толкав е и процентот на оние млади што сметаат дека младите се незаинтересирани за политика.

| | Процент |
|---|---|
| Недостаток на пристап до информации (за правни и процедурални аранжмани) | 21,2 |
| Незаинтересираност кај младите за политиката | 25,1 |
| Недостаток на капацитети за водење кампања (време, финансирање, база за поддршка) | 22,9 |
| Правни бариери (минимални услови за старост; други услови за регистрација) | 9,6 |
| Недостаток на можности за млади кандидати во политичките партии | 19,2 |
| Социјален притисок и стигма („премногу млад за да се кандидира“) | **26,2** |

Загрижува податокот дека само 28,8 % од младите се запознаени со Законот за младинско учество и младински политики, а само 23 % од нив сметаат дека законот се применува во местото на живеење. Дополнително, само 19,4 % се запознаени со Националната стратегија за млади 2016 – 2025 и само 20 % од нив сметаат дека таа се применува во местото на живеење.

Најголем процент од младите не знаат дали постои локална стратегија за млади во нивната општина (повеќе од половина од испитаниците), додека само 11,5 % се сигурни во нејзиното постоење. Според учесниците во фокус-групите, во локалните стратегии за развој речиси воопшто не се опфатени младинските политики и политиките за вработување на младите, општините не соработуваат со младинските организации за да ги слушнат нивните ставови ниту, пак, ги сфаќаат сериозно нивните размислувања и изнесени ставови.

Овие податоци се надополнуваат со фактот дека само 20,1 % од испитаниците се членови на некоја невладина организација, а 65,3 % би се зачлениле во иднина. Толкав е и процентот на млади што сметаат дека невладините организации имаат капацитет да предизвикаат општествени промени, и тоа на скала од 1 до 5, M=3,18. Само 10 % од младите посочиле одредена граѓанска организација во нивната средина што работи со млади и нуди младинска работа.

## 3.4. МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Четвртиот дел од оваа анализа се однесува на младинското учество. На скала од 1 до 5, младите имаа можност да одговорат колку се задоволни со моменталното ниво на учество на младите луѓе во процесите на креирање политики за млади? Нивниот одговор (М=2,38) говори дека младите многу малку се задоволни од нивото на учество.

Само 20,3 % од младите во последните 12 месеци учествувале во некој процес на донесување одлуки во училиште, факултет, општина или во владина институција. Малку поголем процент од 30,6% млади изразиле став на социјалните медиуми во последните 12 месеци. Интересни се одговорите на младите во врска со темите на кои изразиле свое мислење, и тоа најчесто во однос на образованието, животната средина, менталното здравје, репродуктивното здравје, КОВИД и вакцинација.

Податоците од фокусните групи ги надополнуваат овие податоци според кои младите велат дека можноста за да се вклучат во општеството и да донесуваат одлуките е според слободна волја, самоиницијативно, младите не се многу вклучени. Во образованието нема ученички иницијативи, иако младите имаат идеи за да се организираат.

Сепак, само 32,2 % од испитаниците велат дека во рамки на заедницата во којашто живеат има организирана волонтерска работа




На прашањето какви активности се најфреквентни, следуваат одговорите како чистење на околината, бесплатна правна помош, подарување облека, храна за бездомни лица, хуманитарани акции, работилници и слично. Она што е за поздравување е дека само 12,3 % од младите не би волонтирале доколку постои таква можност.

Во однос на постоечки форми на младинско учество, алармантен е податокот дека само 22,9 % од младите слушнале за локални младински совети.




Кога треба да ги дефинираат локалните младински совети, се добива впечаток дека оние што слушнале за младинските совети генерално се информирани за нивната улога. Според младите, тоа се тела составени од претставници на различни форми на организирање на младите што ги застапуваат интересите на младите во ЕЛС; места каде што се дискутираат проблемите и предизвиците на младите во локалната заедница и се застапува нивно решавање; млади луѓе од локално ниво што би требало позитивно да влијаат на околината во која живеат и работат или, пак, се школуваат.

Сепак, само 20 % од младите сметаат дека ЛМС можат ефективно да ги застапуваат интересите на младите.



Причините за тоа се дека подлежат на надворешни притисоци поради туѓи интереси и се поддржани со финансиски средства, па затоа не ги застапуваат интересите поефективно, бидејќи сè уште постои сомнеж кај повозрасните лица дека младите не можат и не знаат да носат одлуки.

## 3.5. БЕЗБЕДНОСТ

Последниот дел од оваа анализа се однесува на безбедноста на младите. Можеме да забележиме дека младите најмалку безбедно се чувствуваат на интернет, а најбезбедни се дома.

| | M |
|---|---|
| Дома | 4,62 |
| На училиште / факултет | 3,97 |
| Во соседството | 3,84 |
| Интернет | 2,72 |



Она што придонесува за младите да се чувствуваат небезбедно, во најголема мера се кучињата скитници во локалната средина.

| | Процент |
|---|---|
| Присуство на насилство | 16,0 |
| Нељубезни соседи | 9,3 |
| Премногу автомобили | 9,8 |
| Кучиња скитници | 22,8 |
| Немање улично осветлување | 14,0 |
| Се чувствувам безбедно во моето место на живеење | 15,6 |

16,7 % од младите што се дел од ова истражување истакнале дека биле жртва на насилство. Најчесто младите истакнуваат дека биле физички нападнати во училишниот двор или во средината на живеење, врсничко малтретирање, онлајн-насилство, психичко вознемирување.

Од друга страна, пак, 44,3 % од младите дел од ова истражување велат дека познаваат некој што бил жртва на насилство, и тоа најчесто во вид на булинг, вербално насилство, физичко насилство во училишниот двор, но, за жал, и насилство во домашната средина. Сепак, само 14,3 % од младите пријавиле насилство. Можеби причината за тоа е што младите не им веруваат на институциите.

Според податоците од фокусните групи, младите што живеат во мали места со еден етникум, поретко се изложени на насилно однесување за разлика од оние што живеат во поголеми места. Сепак младите сметаат дека виртуелниот свет е поголема опасност, особено во време на пандемија, кога најголем дел од младите своето слободно време го поминуваат на интернет.

## 4. ПРЕГЛЕД НА КАПАЦИТЕТИ И СТАВОВИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во рамките на ова истражување беше спроведена проценка на капацитетите на младинските НВО, како и нивните ставови и погледи кон општествените текови поврзани со младите. Преку анкетен прашалник беа вклучени 61 организација, од кои повеќе од половина (57,4 %) се невладини организации фокусирани на младински прашања, а само 3,3 % се младински чадор-организации.




Дополнително, во рамки на анализата под „друго“ се вклучени организации што се однесуваат на заштита на правата на децата, здруженија што работат со маргинализирани групи, застапување на младите, родови прашања, прашања поврзани со здравјето.

Најголем процент (47,5 %) од организациите се сместени во Скопје.

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 29 | 47,5 |
| Куманово | 1 | 1,6 |
| Тетово | 3 | 4,9 |
| Гостивар | 2 | 3,3 |
| Дебар | 1 | 1,6 |
| Кичево | 1 | 1,6 |
| Струга | 1 | 1,6 |
| Охрид | 1 | 1,6 |
| Битола | 7 | 11,5 |
| Прилеп | 3 | 4,9 |
| Кочани | 1 | 1,6 |
| Штип | 4 | 6,6 |
| Свети Николе | 1 | 1,6 |
| Велес | 1 | 1,6 |
| Друго | 4 | 6,6 |
| ВКУПНО[13] | 60 | 98,4 |

Во однос на прашањето за тоа кои се главните области на дејствување на организацијата, можеме да забележиме дека за 52,5 % од организациите главниот фокус се младинските права / човековите права, за 50,8 % од организациите главниот фокус е учеството на младите во јавниот живот, за 44,3 % е образованието, за 36,1 % вработувањето и социјалната вклученост на ранливите групи.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Учество на младите во јавниот живот | 31 | 50,8 |
| Младински права / човекови права | 32 | 52,5 |
| Образование | 27 | 44,3 |
| Вработување / економија | 22 | 36,1 |
| Здравје | 6 | 9,8 |
| Домување | 1 | 1,6 |
| Социјална вклученост на ранливи групи | 22 | 36,1 |
| Семејна политика | 3 | 4,9 |
| Правда | 8 | 13,1 |
| Мобилност | 10 | 16,4 |
| Спорт / култура / слободно време | 12 | 19,7 |
| Младинска работа | 20 | 32,8 |
| Животна средина | 16 | 26,2 |

13 Еден претставник не одговорил од кој град е граѓанската организација

| | | |
|---|---|---|
| Информатичка технологија / дигитализација | 5 | 8,2 |
| Родова еднаквост | 19 | 31,1 |
| Религија | 1 | 1,6 |
| Спречување конфликти / градење мир | 9 | 14,8 |
| Друго | 8 | 13,1 |

**Во однос на тоа колку** членови има организација (вклучително вработени, одбор, секретаријат), можеме да забележиме дека 50 % од организациите имаат од 11 до 50 члена.




## 4.1. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Првиот дел од оваа анализа се однесува на институционалните капацитети на организацијата. Така во однос на делот дали организацијата има воспоставено функционални интерни организациски политики / процедури, можеме да забележиме дека 59 % од организациите имаат функционална политика.



Она што треба да се напомене е дека само 11,5 % од организациите истакнуваат дека во рамки на организацијата немаат човечки капацитети за прибирање фондови. Сепак, кога станува збор за подготвеноста за прибирање фондови, најголем процент од организациите сметаат дека се делумно подготвени за прибирање фондови (41 %).

Речиси две третини (65,6 %) од организациите имаат претходно искуство како носители / партнери на проекти поддржани од ЕУ (ЕИДХР, ИПА). Дополнително, 55,7 % од организациите имаат политика што се однесува на родова рамноправност, а 34,4 % имаат политика за заштита на децата (детски права).

Она што особено радува е фактот дека 73,8 % од организациите изјавиле дека имаат капацитети за застапување на локално и национално ниво, споделувајќи разни примери и искуства (документи за јавни политики – policy brief, policy paper, position paper…).

Половина од организациите не добиваат владина поддршка. Оние што добиваат владина поддршка изјавиле дека таа најчесто е во вид на финансиска поддршка.






Она што е интересно е дека организациите имаа можност да ги наведат и видовите поддршка што ги нудат за младите.

Од табелата може да забележиме дека во најголема мера (89,99 %) организациите нудат семинари и информативни сесии што се од интерес за младите, 78,7 % нудат обуки и пракса. За жал, само 19,2 % истакнуваат дека нудат можности за вработување.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Програми за волонтирање | 38 | 62,3 |
| Обуки / пракса | 48 | 78,7 |
| Простор за застапување на нивните интереси и мобилизирање | 30 | 49,2 |

| | | |
|---|---|---|
| Семинари / информативни сесии на теми од интерес за младите | 53 | 86,9 |
| Граѓанско образование | 18 | 29,5 |
| Програми за размена | 27 | 44,3 |
| Вработување | 12 | 19,7 |
| Друго (наведете)[14] | 5 | 8,2 |

Организациите беа прашани и за кои актуелни теми организацијата има потреба од јакнење на организациските и програмските капацитети.

Може да забележиме дека најголема потреба организациите имаат од вмрежување со други ГО и јакнење на капацитетите преку обука, а само 1,6 % сметаат дека на организацијата не ѝ е потребна помош.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Просторни капацитети (канцеларија) | 17 | 27,9 |
| Техничка опрема | 22 | 36,1 |
| Управување со човечки ресурси | 11 | 18,0 |
| Вмрежување со ГО | 27 | **44,3** |
| Јакнење на капацитети преку обука | 27 | **44,3** |
| Волонтери | 21 | 34,4 |
| На нашата организација не ѝ е потребна поддршка | 1 | **1,6** |
| Друго (наведете) | 8 | 13,1 |

## 4.2. ВОЛОНТИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Кога станува збор за волонтирањето на младите, за жал, само 14,8 % од претставниците на ГО сметаат дека актуелните национални документи за волонтирање (Законот за волонтерство и Стратегијата за волонтерство) ги поттикнува младите да волонтираат.



| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 9 | 14,8 |
| Не | 31 | 50,8 |
| Не знам | 21 | 34,4 |
| Вкупно | 61 | 100,0 |

Претставниците на ГО имаа можност да споделат искуство со волонтирање во организацијата, со тоа што во некои од граѓанските организации континуирано има заинтересираност на млади за волонтерска работа, особено во летниот период. Меѓутоа една од пречките за комплетно

14 Поддршка за младински ангажман преку програми за регрантирање, поддршка на стартап-бизниси креирани од млади лица

практикување на волонтерство, е тоа што волонтерите кратко време се дел од организацијата.

Сепак, дури 27,9 % истакнуваат дека немаат волонтери, што го потврдува податокот дека има слаба проактивност кај младите, но се надополнува и со податокот дека 62,3 % од организациите немаат програма за волонтирање.




Само 23 % од организациите учествувале во програми испорачани или финансирани од донатори за промовирање на младинско волонтирање во изминатите 3 години.

Според одговорите на ГО, клучни 3 предизвици за волонтирање за младите се: 1) недостатокот на потребни финансиски средства, 2) недостаток на соодветни информации за можности и придобивки од волонтирањето и 3) незаинтересираност кај младите за учество во волонтерски активности.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Недостаток на национална стратегија што го опфаќа волонтирањето | 19 | 31,1 |
| Недостаток на квалификувани ментори | 20 | 32,8 |
| Недостаток на потребни финансиски средства | 45 | 73,8 |
| Недостаток на докази (на пр. можности за волонтирање, интереси на малдите) | 21 | 34,4 |
| Недостаток на ефективна координација помеѓу релевантните засегнати страни | 26 | 42,6 |
| Недостаток на ефективни механизми за следење и проценка / одговорност | 11 | 18,0 |
| Незаинтересираност кај младите за учество во волонтерски активности | 30 | 49,2 |

| | | |
|---|---|---|
| Недостаток на соодветни информации за можностите и придобивките од волонтирањето | 40 | 65,6 |
| Мојата организација не забележува никакви предизвици во оваа област | 1 | 1,6 |
| Друго | 2 | 3,3 |

## 4.3. МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

Третиот дел во рамки на оваа анализа се однесува на младинската политика. Она што загрижува е податокот дека голем дел од ГО не се запознаени со содржината на клучните документи за млади - само 44,3 % од ГО се запознаени со содржината на Националната стратегија за млади 2016 – 2025.




Од друга страна, пак, повеќе од половина, или 54,1 % од претставниците на ГО се запознаени со содржината на Законот за младинско учество и младински политики.



Дополнително, претставниците на ГО имаа можност на скала од 1 - 5 да одговорат до кој степен се задоволни со одговорот на владата на барањата на младите во разни сектори.

Евидентно е дека задоволството е најмало во однос на тоа што прави владата во однос на миграцијата, одржливоста на јавната потрошувачка и социјалната вклученост на ранливи групи (на пример, млади изложени на ризик од криминал, млади бездомници, млади имигранти).

| | M |
|---|---|
| Учество на младите во јавниот живот (на пр. политичко учество, волонтирање) | 2,78 |
| Младински права / човекови права | 3,03 |
| Образование / обука | 2,91 |
| Вработување / економија | 2,51 |
| Здравје | 2,58 |
| Домување | 2,50 |
| Социјална вклученост на ранливи групи (на пример, млади изложени на ризик од криминал, млади бездомници, млади имигранти) | 2,45 |
| Семејна политика (на пример, социјални, семејни и програми за поддршка на родители) | 2,46 |
| Правда | 2,52 |
| Мобилност | 3,15 |
| Спорт / култура / слободно време | 3,08 |
| Младинска работа | 2,76 |
| Глобализација | 2,67 |
| Миграција | 2,40 |
| Информатичка технологија / дигитализација | 3,00 |
| Животна средина / Климатски промени | 2,62 |
| Родова еднаквост | 2,84 |
| Социоекономска нееднаквост | 2,50 |
| Одржливост на јавната потрошувачка | 2,42 |
| Спречување конфликти / градење мир | 2,80 |

Во однос на развојот на младинската работа, според ГО клучни предизвици во нашата земја се: 1) недостаток на потребни финансиски средства, 2) недостаток на познавање на тоа што е младинска работа кај младите, 3) недостаток на квалификувани младински работници и 4) недостаток на ефективна координација помеѓу релевантните чинители.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Недостаток на национална стратегија што го опфаќа секторот за младинска работа | 20 | 32,8 |
| Недостаток на квалификувани младински работници | 29 | 47,5 |
| Недостаток на потребни финансиски средства | 45 | 73,8 |
| Недостаток на докази (на пример, услужни потреби на младите) | 13 | 21,3 |
| Недостаток на ефективна координација помеѓу релевантните чинители | 29 | 47,5 |
| Недостаток на ефективни механизми за следење и проценка / одговор | 18 | 29,5 |
| Незаинтересираност кај младите за учество во младински активности | 20 | 32,8 |
| Недостаток на познавање на тоа што е младинска работа кај младите | 39 | 63,9 |
| Мојата организација не забележува никаков предизвик во оваа област | 1 | 1,6 |
| Друго | 1 | 1,6 |



## 4.4. УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ И МЛАДИНСКИОТ СЕКТОР ВО ЈАВНИОТ ЖИВОТ

Интересно е дека само 8,2 % од претставниците на ГО сметаат дека владата има функционален механизам за младите да можат да даваат повратни информации за квалитетот на политиките, програмите и услугите. На скала од 1 до 5, каде 1 значи многу незадоволен, а 5 многу задоволен, можеме да забележиме дека со средна вредност од M=2,57, ГО се ниту задоволни ниту незадоволни од можностите што им се нудат на младинските организации да дадат повратни информации до владата во однос на прашања битни за младинскиот сектор.

Од друга страна, пак, 39 % од организациите истакнуваат дека нивната организација не учествувала во циклусот на донесување одлуки и креирање политики / услуги во изминатите 12 месеци. Само 8,2 % од организациите истакнале дека биле посуштински ангажирани.




Можеме да забележиме дека според мислењето на граѓанските организации, клучните предизвици што ги спречуваат младите да учествуваат во циклусот на политики / услуги се однесуваат на: 1) недостаток на свест кај владините тела за додадената вредност на иницијативите за младинско учество, 2) незаинтересираност кај засегнатите страни за младите, 3) недостаток на капацитет меѓу засегнатите страни на младите за учество и 4) недостаток на финансиски или човечки ресурси во рамките на владините тела за спроведување иницијативи за учество на младите.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Недостаток на дисеминација за можностите за учество на заинтересираните страни во младите | 18 | 29,5 |
| Незаинтересираност кај засегнатите страни за младите | 32 | 52,5 |
| Недостаток на капацитет меѓу засегнатите страни на младите за учество | 30 | 49,2 |
| Недостаток на барања до владините тела за спроведување иницијативи за младинско учество | 28 | 45,9 |

| | | |
|---|---|---|
| Недостаток на свест кај владините тела за додадената вредност на иницијативите за младинско учество | 35 | 57,4 |
| Недостаток на финансиски или човечки ресурси во рамките на владините тела за спроведување иницијативи за учество на младите | 30 | 49,2 |
| Друго (наведете) | 2 | 3,3 |
| Нашата организација не забележува предизвик во оваа област | 2 | 3,3 |

Од друга страна, пак, според мислењето на граѓанските организации, клучниот предизвик што ги спречува младите да учествуваат на избори се недостаток на доверба дека нивниот глас ќе доведе до позитивни промени. Дополнително како предизвици се истакнуваат: програмите на политичките партии не се фокусираат доволно на потребите на младите и незаинтересираност кај младите за политиката.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Младите не се доволно информирани за политички теми | 21 | 34,4 |
| Незаинтересираност кај младите за политиката | 31 | 50,8 |
| Програмите на политичките партии не се фокусираат доволно на потребите на младите | 41 | 67,2 |
| Правни бариери (на пр. минимални услови за старост, други услови за регистрација на гласачи) | 8 | 13,1 |
| Недостаток на доверба дека нивниот глас ќе доведе до позитивни промени | 47 | 77,0 |
| Друго (наведете) | 4 | 6,6 |
| Нашата организација не забележува предизвик во оваа област | 4 | 6,6 |



Особено е интересно тоа што според мислењето на граѓанските организации, клучни предизвици што ги спречуваат младите да се претстават себеси како кандидати на избори се: 1) недостаток на можности за млади кандидати во политичките партии, 2) социјален притисок и стигма („премногу млад за да се кандидирам“), 3) недостаток на капацитети за водење кампања (време, финансирање, база за поддршка), како и 4) правни бариери (минимални услови за старост; други услови за регистрација).

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Недостаток на пристап до информации (за правни и процедурални аранжмани) | 9 | 14,8 |
| Незаинтересираност кај младите за политиката | 16 | 26,2 |
| Недостаток на капацитети за водење кампања (време, финансирање, база за поддршка) | 28 | 45,9 |
| Правни бариери (минимални услови за старост; други услови за регистрација) | 28 | 45,9 |
| Недостаток на можности за млади кандидати во политичките партии | 33 | 54,1 |
| Социјален притисок и стигма („премногу млад за да се кандидирам“) | 30 | 49,2 |
| Друго | 4 | 6,6 |
| Нашата организација не забележува предизвик во оваа област | 6 | 9,8 |



Кога станува збор за тоа колку претставниците на ГО сметаат дека младите се заинтересирани да бидат членови на политички партии, можеме да забележиме дека само 37,7 % одговориле потврдно.




**Важно да се напомене е дека според мислењето** на граѓанските организации, најголем предизвик што ги спречува младите да станат членови на политичка партија **е** недостаток на отвореност на политичките партии кон нови идеи и иновации.

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Недостаток на пристап до информации (за правни и процедурални аранжмани) | 12 | 19,7 |
| Незаинтересираност кај младите за политиката | 28 | 45,9 |
| Недостаток на капацитети за вклучување во политичка партија (време, хонорари) | 21 | 34,4 |
| Недостаток на отвореност на политичките партии кон нови идеи и иновации | 34 | 55,7 |
| Ограничено влијание во споредба со другите средства за политичко учество | 20 | 32,8 |
| Нашата организација не забележува предизвик во оваа област | 11 | 18,0 |
| Друго (наведете) | 6 | 9,8 |

Повеќе од половина од организациите наведуваат дека општина има локален младински совет. Но од друга страна, прашани за нивото на соработка со ЛМС и со ЕЛС, ГО проценуваат дека е многу ниска, односно на скала од 1 до 5, каде што 1 значи најниско, а 5 највисоко ниво, соработката со ЛМС ја оценуваат на многу ниско ниво M=2,35, а соработката со ЕЛС на нешто повисоко ниво M=3,07, но сепак под или во рамки на просекот.




Во следните 5 години, како најважни форми за младинско учество, ГО го перцепираат учеството на локално ниво.


4,30
4,20
4,10
4,00
3,90
3,80
3,70
3,60
3,84
4,12
4,18
Интернет дебати, на пр. преку социјални медиуми (Твитер, Фејсбук)
Социјални движења
Учество на локално ниво / заедница

# 5. ЗАКЛУЧОЦИ

**Квалитетот на живот и перцепцијата на младите за иднината** во нашата држава не е на завидно ниво, а младите сметаат дека платите се ниски, а цената на производите расте, и тоа ја отежнува ситуацијата да имаат стандард на живот каков што посакуваат. Младите под квалитет на живот подразбираат достоинствено вработување, квалитетно образование, квалитетен социјален живот. Ја почитуваат и сакаат локалната средина, но можностите за избор се ограничени. Во однос на стандардот за живеење, младите го делат мислењето дека стандардот ни е низок, но, од друга страна, има мала мотивираност кај младите да го подигнат, а најчесто како најлесно решение се бира заминувањето од земјата во ЕУ. Она што е битно е дека младите се свесни дека тие се оние што треба да ја дизајнираат својата иднина.

Слободното време на младите луѓе се сведува на посета на кафулиња и гледање ТВ, што ни од далеку не е доволно за добар квалитет на живеење. Иако во голема мера квалитетот на живот се поврзува со материјалните услови, како невработеноста, несоодветната или недоволно платената работа и лошите работни услови, сепак општествената атмосфера на политичка и економска несигурност има значајна улога, исто како и перцепцијата за лош образовен систем и постоење дискриминација.

Младите сметаат дека **образовниот систем** не е добар, оценувањето е нереално, а дополнително младите го чувствуваат притисокот на трендот дека секој треба да студира. Квалитетот на студирањето е опаднат поради зголемениот број факултети, а дипломите вредат помалку. Праксата не е системски уредена, почеста е кај средните стручни училишта, но и таму неретко се сведува на личен ангажман на ученикот. Покрај тоа, и компаниите што ги примаат практикантите немаат сериозен однос кон нив. Алармантен е податокот на присуство на дискриминација во образованието по повеќе основи, и тоа: етничка, родова, според место на живеење, како и кај маргинализирани групи (ЛГБТ-популација, Роми и млади со попреченост).



Дигитализацијата на образованието е позитивно прифатена поради големиот број предности, особено во однос на лесната достапност до повеќе образовни ресурси, но проблем е што сите ученици немаат еднакви можности за настава. Младите сметаат дека реформите и дигитализацијата на образованието се процес за кој треба поопсежна дискусија и дебата за да се изнајдат најсоодветни решенија. Според младите, учениците и родителите не се вклучени и консултирани во образовниот процес.

Младите сметаат дека постои простор за подобрување на квалитетот на образованието на национално ниво, иако при тоа се поставува прашањето колкави се ингеренциите на институциите во насока на подобрување на квалитетот на образованието. Според нив, иако има подобрување во

наставните програми во споредба со минатото, сепак потребно е сè уште да се работи на програми што ќе понудат кадар конкурентен на пазарот на трудот, ангажирање на компетентен наставен кадар и инвестирање во подобра техничка опременост на училиштата.

По завршување на средно образование, изборот за вработување е многу мал. Најчесто шансата за успех не се бара во местото од коешто потекнуваат и живеат младите, туку се бара во Скопје. Посебно демотивирачки за младите е фактот што на сите огласи се бара лице со работно искуство. Ова е нереално за сите оние што тукушто дипломирале и бараат работа. За жал, во помалите општини вработувањата се реализираат главно во јавните институции, додека приватниот сектор нема моќ да ги апсорбира младите кадри. Не постојат големи компании што можат да понудат квалитетна работа и соодветен работен статус на младите, затоа што тие сметаат дека поволностите и поддршката од страна на државата треба да се зголемат. Особен проблем е што високообразовните кадри не можат да најдат соодветни работни места, особено од областа на електро, металуршките, технолошки и ИТ струки, за кои нема соодветни индустриски и корпоративни капацитети во локалните заедници.



Состојбата на полето на **младинската политика и младинското учество** во процесите на донесување одлуки не се разликува многу од онаа што е претходно констатирана, како во други локални истражувања така и национално. Младите не се задоволни од квалитетот на постоечките мерки и политики за младите луѓе. Дополнително на тоа, многу мал дел од младите се запознаени со Законот за младинско учество и младински политики и со Националната стратегија за млади 2016 – 2025. Младите исто така не се информирани дали постои локална стратегија за млади во нивната општина.

Имено, младите немаат големо искуство да бидат консултирани во процесите на донесување одлуки, како од страна на локалната самоуправа така и од други локални институции. Во некои од општините постојат одредени неформални механизми преку кои би можело да се обезбеди младинско учество во донесувањето одлуки, но потребно е овие механизми да се јакнат и да се развиваат. Заинтересираноста на младите е клучен фактор, а најдобриот и најблизок начин за такво учество и вклучување на младите во општественото одлучување се локалните младински совети, преку кои младите може да лобираат за своите интереси. Она што е најбитно е дека младите имаат генерално позитивен став кон младинскиот активизам, иако моментално локалните младински совети, или ад-хок консултативни процеси при изработка на стратешки документи, генерално не допираат до најголем дел од младите лица. Дополнително на тоа, најголем дел од младите не слушнале за локални младински совети како модел на учество. Како потврда за непостоење на ефективност на постоечките механизми за учество, ГО изјавиле дека немаат значителна соработка со локалните младински совети, како и со општината.

Младите сметаат дека најдобар начин и мотивираност за да се вклучат во донесувањето одлуки на локално ниво е преку граѓанските организации, што е одлична можност за вклучување имајќи предвид дека најголем дел граѓанските организации вклучени во ова истражување влијаат врз учеството на младите во јавниот живот. Голем дел од граѓанските организации што работат со млади функционираат врз основа на функционални политики и практики. Генерално, граѓанскиот сектор има капацитети за застапување на локално и национално ниво, но и покрај тоа, сепак ГО не се задоволни од нивото и можностите за вклученост од страна на државата при процесите на креирање политики. Многу мал дел од организациите биле посуштински вклучени во одредени процеси во последните 12 месеци.

Од другата страна, мал процент на млади лобираат и учествуваат и на други начини - политички со тоа што се кандидираат за советници или се симпатизери на одредена политичка партија и ја бранат нејзината идеологија. Што се однесува до местото на живеење, може да се види дека младите од поголемите општини имаат попозитивен генерален став за вклучување во заедницата преку волонтирање, препознавајќи го ентузијазмот и слободното време како важни фактори за активизам. Од друга страна, ГО имаат волја за вклучување на млади волонтери, но се соочуваат со тешкотии во однос на задржување на волонтерите преку систематски пристап што ќе обезбеди квалитетно управување со волонтерите на редовна основа. Младите сметаат дека иако формално имаат право на учество, сепак во реалноста тоа право не го уживаат - „живеат во држава во која се живее од избори до избори“. Дополнително на тоа, и граѓанските организации сметаат дека младите немаат доверба дека нивниот глас ќе доведе до позитивни промени.

Младите се чувствуваат **небезбедни** на интернет. Сајбер-безбедноста многу влијае врз младата популација. Постои големо непознавање кај младите за начинот на кој можат да обезбедат заштита на интернет, не знаат каде и како се оставаат лични податоци и други информации што можат да се злоупотребат. Исто така, безбедноста по патната инфраструктура и движењето по улици се проблем и за лицата со попречености, но и генерално за младите. И покрај случаите на насилство, сопствената средина младите ја доживуваат безбедно.



Младите најчесто се **информираат** преку социјалните мрежи, при што многу малку се информирани за информации што би биле лажни или непотполни. Младите треба да бидат повеќе информирани за овие појави и внимателно да ги користат информациите. За жал, ставот на младите е дека многу малку се застапени политиките на младите во нашите медиуми и дека медиумите многу малку придонесуваат кон подобрување на актуелната ситуација на младите.

# 6. ПРЕПОРАКИ

Појдовни точки за дефинирање на препораки се клучните наоди од спроведеното истражување. Оттука препораките што може да се увидат подолу се класифицирани според областите што се опфатени со истражувањето, а се однесуваат на квалитетот на живот, образованието, младинските политики и младинското учество, безбедноста и медиумите и информациите.

Секој сет препораки е директно поврзан со резултатите, односно проблемите што ги нотираа младите и граѓанските организации во ова истражување.

1. **Квалитет на живот**
- Креирање фокусирани економски и социјални политики специфично насочени кон младите од помалку населените места, кон младите што живеат во сиромаштија, како и младите што се со атипичен развој, односно лица со попреченост, со цел подобрување на нивниот животен стандард.
- Воведување едукативни програми за финансиска писменост на младите во системот на образование и социјална поддршка.
- Интегрирање на мерките за вработување на младите и младинско претприемништво во стратегиите за локален економски развој од страна на општините.

2. **Образование**
- Подобрување на техничката опременост и на ресурсите за квалитетна настава и учење во средните училишта.
- Интегрирање на системски приод за спроведување квалитетна пракса за учениците во средните училишта, кој ќе овозможи соодветно мерење на постигнувањата.
- Јакнење на координацијата помеѓу општините, средните училишта и бизнис-заедницата за подобрување на можностите за практичната настава, вклучувајќи споделување позитивни искуства од успешни бизнисмени и менаџери.
- Јакнење на капацитетите на граѓанските организации за овозможување неформално образование, со фокус на помалку развиените региони.
- Воведување содржини за концептот на младинска работа во образовните содржини.
- Зајакнување на мерките за обезбедување еднаков пристап до образовните ресурси за сите ученици, особено за маргинализираните групи и учениците од руралните средини.
- Воведување одржливи програми за ментално здравје во средните училишта.
- Зголемување на содржината во неформалното образование за важноста од волонтирање во заедницата

3. **Младински политики и младинско учество**
- Континуирано јакнење на знаењата на младите за придобивките од учеството

во процесите на донесување на одлуки и креирање на политики.

- Воведување дигитални алатки за учество, кои ќе обезбедат поголема достапност и слобода на младите да го изразат своето мислење.
- Јакнење на улогата на граѓанските организации во промоција на Законот за младинско учество и младински политики меѓу младите, но и следење на неговата примена со фокус на достапноста на соодветни буџетски средства за младински програми во согласност со законот.
- Промовирање на локалните младински совети предвидени во Законот за младинско учество и младински политики со цел запознавање на младите со нивната улога во насока на поголемо учество на младите во единиците на локалната самоуправа.
- Јакнење на капацитети на граѓанските организации за управување со волонтери според позитивната законска регулатива и меѓународни практики во насока на поттикнување на волонтерски активности помеѓу младите.
- Зајакнување на мерките за промовирање на придобивките од младинската работа на страна на институциите и граѓанскиот сектор во насока на системско признавање и вградување во образовниот систем.
- Зголемување на активностите за промоција на дејствувањето на постоечките младински организации на локално ниво, на мисијата и активностите меѓу младите во основните и средните училишта, преку што ќе ја доближат младинската работа до младите.
- Континуирано јакнење на капацитетите на граѓанските организации кон ефективно застапување на потребите на нивните целни групи, со фокус на воведување практични и применливи организациски политики.
- Воведување практики од страна на институциите за посуштинско вклучување на граѓанските организации при процеси на креирање законски акти и политики поврзани со млади, со фокус на граѓански организации од помалку развиените региони.

4. **Безбедност**

- Јакнење на капацитетите на граѓанските организации за развивање и примена на програми за превенција на насилство меѓу младите, со фокус на учениците во средните училишта.
- Креирање ресурси за превенција и справување со насилството меѓу младите во образовните институции.
- Развивање иновативни алатки што ќе обезбедат платформа за пријавување на насилство, како и обезбедување стручна поддршка.

5. **Медиуми и информации**

- Јакнење на медиумската писменост меѓу младите, со фокус на препознавање лажни вести.
- Подобрување на пристапот до квалитетни информации меѓу младите од руралните средини.
- Подигнување на свеста на младите за влијанието на социјалните медиуми во однос на препознавање на релевантни и точни информации.

# 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Have your say! - Manual on the Revised European Charter on the Participation of Young People in Local and Regional Life Council of Europe (2008), p.21 Достапно на: https://rm.coe.int/16807023e0
- 2037 (XX). Declaration on the Promotion Among Youth of the Ideals of Peace, Mutual Respect and Understanding Between Peoples. General Assembly of United Nations. Достапно на: http://www.un-documents.net/a20r2037.htm
- An EU Strategy for Youth – Investing and Empowering, A renewed open method of coordination to address youth challenges and opportunities, 2009. Достапно на: https://youth.gov.mt/wp-content/uploads/2020/02/youth-strategy-assessment-2009_en.pdf?e4b9cf&e4b9cf
- UNDP, (1992): Human Development Report, p.17. Достапно на: https://digitallibrary.un.org/record/240245
- Закон за младинско учество и младински политики. Достапно на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Национална стратегија за млади (2016-2025). Достапно на: http://dpnsee.org/wp-content/uploads/2019/04/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8-2016-2025.pdf
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија (2016-2020). Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Nacionalna%20Strategija%20za%20Vrabotuvane%20na%20Republika%20Makedonija%20za%20Vlada%2016102015.pdf
- Акциски план за вработување на млади лица 2016-2020 година, Министерство за труд и социјална политика. Достапно на: http://dit.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/2016_Akciski-plan-za-vrabotuvanje-mladi-2016-2020-godina_MK-pv-.pdf
- Закон за волонтерство. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf
- Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019, Фондација „Фридрих Еберт“. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf
- Младинска вработеност во Република Северна Македонија – основна студија и препораки, Институт за европска политика, Скопје. Достапно на: https://epi.org.mk/post/13484
- 10 години статус кво, истражување за социјалниот капитал на младите, Младински образовен форум, 2020 година. Достапно на: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/06/10godiniStatusKvo-Mladinski-obrazoven-forum-1.pdf
- Влијанието на КОВИД-19 кризата врз лицата со попреченост во

Северна Македонија, Хелсиншки комитет за човекови права, 2021 година. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/vlijanieto-na-kovid-19-vrz-licata-so-poprechenost.pdf

- Закон за младинско учество и младински политики, 2020 година. Достапно на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Закон за високото образование. Достапно на: https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf
- Закон за средно образование. Достапно на: https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20srednoto%20obrazovanie.pdf
- Законот за волонтерство, јули 2007, Службен весник на РМ бр.85/2007. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf
- Млади во криза, МОФ, Реактор, ЗМАИ и група ГО, 2020 година. Достапно на: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/Mladi-vo-kriza-2.0-Proshirena-verzija.pdf
- Закон за младинско учество и младински политики. Достапно на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: апатија, оптимизам или разочараност? Фондација за демократија на Вестминстер, Младински образовен форум, 2019. Достапно на: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/WFD-26-FINAL-MK-za-web.pdf
- Родени во транзиција. Ситуациона анализа на млади луѓе во Северна Македонија, УНИЦЕФ, 2020. Достапно на: https://www.unicef.org/northmacedonia/reports/born-transition
- Children's Participation From tokenism to citizensip, UNICEF, 2020. Достапно на: https://www.unicef-irc.org/publications/pdf/childrens_participation.pdf
- Индекс за младински развој Македонија, Коалиција СЕГА, 2018. Достапно на: https://segaorg.mk/images/pdf/INDEX_MK.pdf